Op{tina Prilep
Lokalna samouprava
Municipality of Prilep
Local government

**ПРИЛЕП,**
**Наш бр: 10-322/2 од 03.02.2025 год.**
**Врска број: 10-958/1 од 2024 год.**

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог заклучок за одобрување на **Проектна програма за изработка на урбанистички проект за инфраструктура (во и вон опфат на урбанистички план) – за изградба на среднонапонски кабелски (10/20kV) вод (од ГП 03 - од УПВНМ за термолектроцентрала на биогас до приклучна точка - постоен 10(20)kV столб на КП 189, КО Беровци), КО Прилеп, КО Беровци и КО Ново Лагово, Општина Прилеп**, со архивски бр. 07-79/3 од 21.11.2024 год, изработена од ДГТП „ ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп, со вкупна должина на планиран кабелски вод 1574,09м¹ и површина на плански опфат од 0,3149 ха, Градоначалникот на Општина Прилеп, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДОБРУВА**, Проектна програма за изработка на урбанистички проект за инфраструктура (во и вон опфат на урбанистички план) – за изградба на среднонапонски кабелски (10/20kV) вод (од ГП 03 - од УПВНМ за термолектроцентрала на биогас до приклучна точка - постоен 10(20)kV столб на КП 189, КО Беровци), КО Прилеп, КО Беровци и КО Ново Лагово, Општина Прилеп, со архивски бр. 07-79/3 од 21.11.2024 год, изработена од ДГТП „ ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп, со вкупна должина на планиран кабелски вод 1574,09м¹ и површина на плански опфат од 0,3149 ха, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП, со број **62357**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Планска програма заведено под наш архивски бр. 10-322/1 од 21.01.2025 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 62357.

Кон барањето беа приложени проектна програма за изработка на урбанистички проект за инфраструктура (во и вон опфат на урбанистички план) – за изградба на среднонапонски кабелски (10/20kV) вод (од ГП 03 - од УПВНМ за термолектроцентрала на биогас до приклучна точка - постоен 10(20)kV столб на КП 189, КО Беровци), КО Прилеп, КО Беровци и КО Ново Лагово, Општина Прилеп, изработена од ДГТП „ ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп со ваш архивски


**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители“ бб Прилеп,**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk

број 07-79/3 од 21.11.2024 година, со вкупна должина на планиран кабелски вод 1574,09м[1] и површина на плански опфат од 0,3149 ха.

Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до Градоначалникот на Општина Прилеп достави Предлог – заклучок за одобрување на Проектната програма за изработка на урбанистички проект за инфраструктура (во и вон опфат на урбанистички план) – за изградба на среднонапонски кабелски (10/20kV) вод (од ГП 03 - од УПВНМ за термолектроцентрала на биогас до приклучна точка - постоен 10(20)kV столб на КП 189, КО Беровци), КО Прилеп, КО Беровци и КО Ново Лагово, Општина Прилеп.

Врз основа на претходнонаведеното како и по изршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Прилеп утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21,104/22 и 99/23).

Правна поука:

Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Борче Јовчески**

Borche Jovcheski

Digitally signed by Borche Jovcheski
Date: 2025.02.03 11:01:39 +01'00'


**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители“ бб Прилеп,**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk